Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# СОПСТВЕНОСТА НА МЕДИУМИТЕ ВО 2024 ГОДИНА

јуни, 2024 година

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 4
ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ..... 5
ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ..... 12
ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО ..... 15
РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО ..... 16
РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ..... 18
РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО ..... 20
ИНТЕГРАЦИЈА НА КАПИТАЛОТ КАЈ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 25
ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ВО 2023 ГОДИНА ..... 26
СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ..... 28

# ВОВЕД

Целта на овој документ е да се зголеми транспарентноста на медиумската сопственост, односно на јавноста да ѝ се обезбеди лесен и директен пристап до податоците за физичките и правните лица кои се сопственици на медиумите. И покрај тоа што Агенцијата во континуитет ги обезбедува овие податоци во посебни регистри на својата веб страница, во согласност со Препораката CM/Rec (2018) на Комитетот на министри, за плурализам во медиумите и транспарентноста на медиумската сопственост за зачувување на јавната дебата во демократските општества, Агенцијата веќе неколку години изработува и редовни годишни анализи/извештаи за медиумската сопственост.

Податоците се обезбедени од тековните состојби на радиодифузерите и на правните лица кои имаат удели во сопственоста на радиодифузерите, издадени од Централниот регистар. Законот за медиуми ги обврзува радиодифузерите секоја година да ѝ доставуваат на Агенцијата податоци за нивните сопственици, а издавачите на печатени медиуми да ги објавуваат податоците за сопственоста во дневен весник и на регулаторот да му доставуваат исечок од објавата. Дополнително, Агенцијата користеше и податоци од Централниот депозитар за хартии од вредност, за сопствениците на оние правни лица кои се акционерски друштва.

## ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО

Телевизиска програма на државно ниво емитуваат 11 телевизии, од кои пет преку терестријален предавател (ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма), четири преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа (ТВ Компани 21-М, ТВ Шења, ТВ Клан и ТВ Сонце) и две преку сателит (ТВ 24 Вести и Наша ТВ).

Како сопственици на овие 11 радиодифузери се јавуваат пет физички и осум правни лица. Само три телевизии се во целосна сопственост на физички лица – ТВ Канал 5, чиј сопственик е Емил Стојменов од Скопје, ТВ Сонце, која е во сопственост на Ѓорѓија Атанасоски од Прилеп, и Наша ТВ, чиј сопственик е Ристо Гоговски од Скопје.

Телевизиите Алфа, Сител, Телма, Компани 21-М, Шења, Клан и 24 Вести се во целосна сопственост на правни лица, а сопственици на ТВ Алсат-М се две физички и едно правно лице.

Во периодот од последните пет години, промена на сопственичката структура направила само ТВ 24 Вести, која до февруари 2024 година беше во сопственост на правното лице Цабле 24 ДОО од Австрија, а од февруари нејзин единствен сопственик е правното лице Комнет 328 ДОО од Србија. Во март оваа година Агенцијата донесе одлука со која дозволи промена на сопственичката структура на ТВ Клан, и тоа за истапување на АД ТВ Клан од Албанија и за пристапување на физичкото лице Фатон Шоши од Косово, како единствен сопственик на телевизијата. Меѓутоа, до моментот на пишување на овој извештај, промената сè уште не беше реализирана.

Во продолжение се претставени податоците за сопственичката структура на сите 11 телевизии до нивните крајни сопственици.

**Табела 1: Сопственичка структура на телевизиите на државно ниво во последните пет години**

| телевизија | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | АЛФА СКОП ДОО експорт-импорт Скопје - 100% | | | | |
| ТВ Алсат-М | Ферик Велија - 0.07%, Имихане Велија - 0.07%, ВЕВЕ ГРОУП ДОО, Скопје - 99.86% | | | | |
| ТВ Канал 5 | Емил Стојменов - 100% | | | | |
| ТВ Сител | МОНТЕКО - 100% | | | | |
| ТВ Телма | Макпетрол АД Скопје - 100% | | | | |
| ТВ Компани 21- М | КОМПАНИ 21, ДОО Приштина, Косово - 100% | | | | |
| ТВ Шења | МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ Скопје - 100% | | | | |
| ТВ Клан | Акционерско друштво ТВ Клан, Тирана, Албанија - 100% | | | | |
| ТВ Сонце | Ѓорѓија Атанасоски - 100% | | | | |
| ТВ 24 Вести | Цабле 24 ДОО Линц, Австрија - 100% | | | | од февруари 2024 Комнет 328 ДОО Белград - 100% |
| Наша ТВ | Ристо Готовски - 100% | | | | |

Единствен сопственик на ТВ Алфа е Трговското друштво со ограничена одговорност за промет и услуги АЛФА СКОП ДОО експорт-импорт од Скопје. Најголем удел во сопственоста на ова друштво (57%) има Друштвото за услуги ЦХС ИНВЕСТ ГРОУП ДОО од Скопје.

Мнозински сопственик на ЦХС ИНВЕСТ ГРОУП е Друштвото за трговија и услуги ТАРГЕТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, кое е во целосна сопственост на странско физичко лице - Петер Сцхатз од Унгарија.

Останатите удели во АЛФА СКОП ДОО експорт-импорт Скопје ги поседуваат акционерските друштва Макошпед АД (17%), АД Европа (11%) и Технометал Вардар-во стечај (15%).




На 10.06.2024 година, вкупниот број на акционери во Макошпед АД (согласно податоците од веб страницата на Централниот депозитар за хартии од вредност) изнесувал 663, од кои 24 биле правни, а 639 биле физички лица. Од нив, над 5% од која било класа на хартии од вредност поседувале само четири инвеститори – Уготур АД (18,90%), Мепком (19,03%), Макошпед АД (10%) и ИГМ-ТРЕЈД (12,93%).

АД Европа имала 59 акционери – 10 правни и 49 физички лица. Акционери со над 5% во оваа акционерско друштво имало шест – АС Сењак (18,05%), Фершпед АД (21,77%), Макошпед АД (19,90%), АД Европа (10%) и физичките лица Есамедин Хасани (6,25% и Мила Левентич (8,68%).

ТВ Алсат-М има тројца сопственици. Мнозински сопственик, со учество од 99,86% во основачкиот капитал е правното лице Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги ВЕВЕ ГРОУП ДОО Скопје, чии сопственици се физичките лица Имихане Велија (со 88% удел) и Зана Велија (со 12% удел).







ТВ Сител е во целосна сопственост на правно лице - Друштвото за трговија Монтеко ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, а негов единствен сопственик е физичкото лице Горан Ивановски од Скопје.

ТВ Телма е во целосна сопственост на Макпетрол акционерското друштво за промет со нафта и нафтени деривати. Согласно податоците од Централниот депозитар за хартии од вредност, вкупниот број на акционери во ова друштво на 10.06.2024 година изнесувал 2.373, од кои 70 биле правни, а 2.303 биле физички лица. Од акционерите, над 5% од која било класа на хартии од вредност поседувале Командитното друштво со акции за транспорт Оилко Скопје (24,88%) и Макпетрол АД (10%).

Истиот период Оилко броело вкупно 61 акционер (3 правни и 58 физички лица), а мнозински сопственик на акции кај него било Макпетрол акционерското друштво (35,61%). Други сопственици на над 5% од акциите биле физичкото лице Андреја Јосифовски (14,98%) и Оилко (5,99%).




Од четирите кабелски телевизии, две се во сопственост на странски лица (ТВ Клан и ТВ Компани 21-М), а две се во сопственост на домашни лица (ТВ Шења и ТВ Сонце), при што три се правни а едно е физичко лице. Во сопственост на физичко лице е ТВ Сонце.

Сопственик на ТВ Компани 21-М е правното лице Компани 21 ДОО од Приштина, Косово. Сопственоста на ова правно лице е поделена помеѓу четири физички лица од Косово, и тоа: Џералдина Вула (10%), Флорин Келменди (10%), Еуген Сарачини (20%) и Афердита Келменди (60%).







Директен сопственик на ТВ Шења е правното лице Друштво за трговија и услуги МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ од Скопје, а краен сопственик на оваа телевизија е физичкото лице Таџудин Шабани.

Сопственик на ТВ Клан е акционерското друштво АД ТВ Клан од Албанија, чии акционери се две физички лица, исто така од Албанија. Станува збор за Александер Франгај, кој поседува 60% од акциите, и Алба Гина, која е сопственичка на останатите 40%.




Една од двете сателитски телевизии кои емитуваат програма на државно ниво – Наша ТВ е во целосна сопственост на физичко лице (Ристо Гоговски од Скопје), додека втората – ТВ 24 Вести е во сопственост на странско правно лице.

Краен сопственик на ТВ 24 Вести е физичкото лице Зоран Киш од Скопје, кое во сопственоста на телевизијата се јавува преку правното лице Комнет 328 ДОО, регистрирано во Белград, Србија.



## ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Како сопственици на регионални телевизии се јавуваат 13 физички и три правни лица. Поточно, правни лица се сопствениците на ТВ Канал Вис од Струмица, на ТВ М НЕТ – ХД од Штип и на ТВ Ера од Скопје.

Во периодот од 2020 до 2024 година, промена во сопственичката структура направиле пет телевизии, и тоа: ТВ Стар (во 2021 година), ТВ Канал Вис (во 2023 година), ТВ Вистел (во 2024 година), ТВ Шутел (во 2021, 2022 и 2023 година) и ТВ КТВ (во 2021 година).

**Табела 2: Сопственичка структура на регионалните телевизии во последните пет години**

<table>
<tr><th>телевизија</th><th>2020</th><th>2021</th><th>2022</th><th>2023</th><th>2024</th></tr>
<tr><td>ТВ Тера</td><td colspan="5">Зоран Манговски - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ М</td><td colspan="5">Михајло Арнаудов - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ Стар</td><td>Симјончо Марјанов - 90% Розетка Моневска - 10%</td><td colspan="4">од октомври 2021:<br>Христијан Марјанов - 90% Розетка Моневска - 10%</td></tr>
<tr><td>ТВ Канал Вис</td><td colspan="3">Јанко Мицев - 100%</td><td colspan="2">од август 2023:<br>СИНЕРЏИ ГРУП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ Кобра</td><td colspan="5">Ленче Литајковска - 50% и Игор Литајковски - 50%</td></tr>
<tr><td>ТВ Топестрада</td><td colspan="5">Виган Ибиши - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ М НЕТ - ХД</td><td colspan="5">М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ Вистел</td><td colspan="3">/</td><td>ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје 100%</td><td>од февруари 2024:<br>Петар Каревски 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ Едо</td><td colspan="5">Енес Бабачиќ - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ Ера</td><td colspan="5">МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ Скопје - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ МТМ</td><td colspan="5">Гордана Андреевска - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ Шутел</td><td>Фари Елез 100%</td><td>од јуни 2021:<br>Валентин Бајрам 100%</td><td>од март 2022:<br>Енвер Иљаз - 100%</td><td colspan="2">од 27.06.2023:<br>Антоние Стојчески - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ КТВ</td><td>Марјан Тодоров 100%</td><td colspan="4">од јуни 2021:<br>Ангел Данов - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ Коха</td><td colspan="5">Меваип Абдиу - 100%</td></tr>
</table>




Единствен сопственик на ТВ Канал Вис е правното лице Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги Синерџи Груп Инженеринг ДОО од Струмица, кое во сопственоста на телевизијата пристапи во август 2023 година.

Сопственици на ова друштво, со учество од по 50% во основната главнина, се физичките лица Васко Јорданов и Никола Милушев од Струмица.

ТВ М НЕТ – ХД е во целосна сопственост на правното лице Друштво за трговија, производство и услуги М НЕТ – ХД ДОО увоз-извоз Штип. Ова правно лице има три сопственици – физичките лица Горан Христовски, Благој Серсемов и Трајче Андонов од Штип, при што секое од нив поседува по 33,3% од капиталот на овој правен субјект.



Сопственик на ТВ Ера е Друштвото за трговија и услуги МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ од Скопје, кое истовремено се јавува и како сопственик на ТВ Шења. Сопственик на ова друштво е повторно правно лице. Станува збор за Фондацијата за култура и образование КУЛТ ВИЗИОНИ Скопје, чиј единствен сопственик е физичкото лице Таџудин Шабани.



## ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Сите сопственици на локалните телевизии се домашни физички лица.

Од вкупно 14 локални телевизии, 12 се во целосна сопственост на по едно физичко лице, а две имаат по двајца сопственици - ТВ Свет, чии сопственици се физичките лица Драган Дечков (со учество од 51%) и Ѓорги Дечков (со учество од 49%), и ТВ Плус, која е во сопственост на Ивана Петровска (со учество од 66,7%) и Ристо Илиевски (со учество од 33,3%).

**Табела 3: Сопственичка структура на локалните телевизии во последните пет години**

<table>
<tr><th>телевизија</th><th>2020</th><th>2021</th><th>2022</th><th>2023</th><th>2024</th></tr>
<tr><td>ТВ Феста</td><td colspan="5">Нецати Аќифи - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ К</td><td colspan="5">Лазо Димитров - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ Канал 8</td><td colspan="5">Тони Ајтовски - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ Протел</td><td colspan="5">Чедо Петров - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ Свет</td><td colspan="5">Драган Дечков - 51%<br>Ѓорги Дечков - 49%</td></tr>
<tr><td>ТВ Калтрина</td><td colspan="5">Мазар Татеши - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ Спектра</td><td colspan="5">Демиш Каримановски - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ Дибра</td><td colspan="5">Илир Лела - 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Гурра</td><td colspan="5">Мерита Адиљи - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ Дуе</td><td colspan="5">Назми Елези - 100%</td></tr>
<tr><td>Г-ТВ</td><td colspan="5">Блерим Мустафи - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ Плус</td><td colspan="5">Ивана Петровска - 66.7%<br>Ристо Илиевски - 33.3%</td></tr>
<tr><td>ТВ Ускана медиа</td><td colspan="5">Мунир Мехдиу - 100%</td></tr>
<tr><td>ТВ Њуз</td><td colspan="2">/</td><td colspan="3">Амир Хамити - 100%</td></tr>
</table>

## РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО

РА Антена 5 е во сопственост на три физички лица - Зоран Петров, Марјан Гушев и Коста Јаневски, секој со учество од по 33,3%.

Сопственици на РА Метрополис се физичките лица Дарко Гелев, кој поседува 50,04% од радиото, и Миле Ѓошевски, кој е сопственик на останатиот удел од 49,96%.

И РА Јон има двајца сопственици. Мнозински содружник е Гоце Стојковски, со удел од 62,5%, а останатите 37,5% од капиталот на радиостаницата му припаѓаат на лицето Фисник Татеши.

РА Канал 77 е единствената радиостаница на државно ниво на којашто сопственик е правно лице.

Во последните пет години, промена во сопственоста имало само кај РА Јон, и тоа два пати – во 2020 и во 2023 година.

**Табела 4: Сопственичка структура на радиостаниците на државно ниво во последните пет години**

<table>
<tr><th>раиостаница</th><th>2020</th><th>2021</th><th>2022</th><th>2023</th><th>2024</th></tr>
<tr><td>РА Антена 5</td><td colspan="5">Зоран Петров - 33,3%, Марјан Гушев - 33,3% и Коста Јаневски - 33,3%</td></tr>
<tr><td>РА Канал 77</td><td colspan="5">ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Метрополис</td><td colspan="5">Дарко Гелев - 50.04% и Миле Ѓошевски - 49.96%</td></tr>
<tr><td rowspan="2">РА Јон</td><td>Фисник Татеши - 50%<br>Гоце Стојковски - 50%</td><td colspan="2" rowspan="2">Гоце Стојковски - 37.5%<br>Фисник Татеши - 37.5%<br>Андреј Стојков - 25%</td><td colspan="2" rowspan="2">од март 2023:<br>Гоце Стојковски - 62.5%<br>Фисник Татеши - 37.5%</td></tr>
<tr><td>од ноември 2020:<br>Гоце Стојковски - 37.5%<br>Фисник Татеши - 37.5%<br>Андреј Стојков - 25%</td></tr>
</table>

Краен сопственик на РА Канал 77 е физичкото лице Виктор Гаврилов, кое го поседува радиото преку Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип.



## РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Вкупно 15 физички и едно правно лице се јавуваат како сопственици на комерцијалните регионални радија.

РА Студент ФМ 92.9 е непрофитно радио наменето за студентската популација и тоа функционира како посебна организациона единица во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Дванаесет комерцијални радија имаат по еден сопственик, а две (РА Ват и РА Клуб ФМ) се во сопственост на по две физички лица. Во табелата подолу се претставени податоците (име и презиме/назив и удел во сопственоста) за сите сопственици.

**Табела 5: Сопственичка структура на регионалните радиостаници во последните пет години**

<table>
<tr><th>радиостаница</th><th>2020</th><th>2021</th><th>2022</th><th>2023</th><th>2024</th></tr>
<tr><td>РА 99</td><td colspan="3">Муарем Исмаили - 100%</td><td colspan="2">од декември 2023:<br>УМАЈА-БТ ДООЕЛ Скопје - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Буба Мара</td><td colspan="5">Ранко Петровиќ - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Ват</td><td>Рахим Кадри - 50%<br>Екрем Кадри - 50%</td><td colspan="4">од декември 2021:<br>Мефаил Кадри - 50%<br>Екрем Кадри - 50%</td></tr>
<tr><td>РА Зона М-1</td><td colspan="5">Светлана Тасевска - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Урбан ФМ</td><td colspan="2">УРБАН ВЕЈВ ДОО Скопје - 100%</td><td>од јануари 2022:<br>Митко Арнаудов- 100%</td><td colspan="2">од мај 2023:<br>Робин Зимбаков - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Клуб ФМ</td><td colspan="5">Ѓорѓи Савев - 34% и Елена Петреска - 66%</td></tr>
<tr><td>РА Лајф</td><td colspan="3">Крешник Ајдини - 100%</td><td colspan="2">од ноември 2023:<br>Афердита Фетау - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Роса АБ</td><td colspan="5">Александар Димитров - 100%</td></tr>
<tr><td>РА РФМ</td><td colspan="5">Ристо Гоговски - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Сити</td><td colspan="5">Дарко Гелев - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Скај</td><td colspan="5">Теодор Манески - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Спортско 90,3</td><td colspan="5">Тони Митев 100%</td></tr>
<tr><td>РА Студент ФМ 92.9</td><td colspan="5">Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје</td></tr>
<tr><td>РА Фортуна</td><td colspan="5">Виолета Божиноска - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Џез ФМ</td><td colspan="3">Љупчо Хаџи – Стефанов - 100%</td><td>од ноември 2023:<br>Ален Хаџи<br>Стефанов 100%</td><td>од јануари 2024:<br>Дарко Фиданоски<br>100%</td></tr>
</table>

Сопственик на РА 99, кое е единственото регионално радио во сопственост на правно лице, е Друштвото за трговија, производство, угостителство и услуги УМАЈА-БТ ДООЕЛ Скопје. Ова друштво поседува 100% од капиталот на радиостаницата, а негов единствен сопственик е физичкото лице Сејјид Емин од Скопје.




Во периодот од 2020 година до сега биле извршени промени на сопственичка структура кај пет регионални радиостаници, и тоа кај: РА 99 (во 2023 година), РА Ват (во 2021 година), РА Урбан ФМ (во 2022 и 2023 година), РА Лајф (во 2023 година) и кај РА Џез ФМ (во 2023 и 2024 година).

## РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Само две комерцијални локални радиостаници се во сопственост на правни лица – РА Свети Николе и РА Енџелс.

**Табела 6: Сопственичка структура на локалните радиостаници во последните пет години**

| радиостаница | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| РА 106 | Кире Христовски - 100% | | | | |
| РА Б-97 | Марија Младеновска Димитровска 100% | | | | |
| РА УКЛО ФМ | Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола | | | | |
| РА Валандово | Снежана Шунтова - 50%<br>Дионис Нунов - 50% | | | | |
| РА Голди | Маја Чадиева - 100% | | | | |
| РА Мерак 5ФМ | Димче Саздов - 50%<br>Љупчо Несторов - 50% | | | | |
| РА Ла Коста | Дафинка Костадинова - 100% | | од ноември 2022:<br>Бранко Ивановски - 100% | | |
| РА Комета | Раде Исајлоски 100% | од март 2021:<br>Слободанка Исајлоска - 100%<br>од мај 2021:<br>Зоран Маџоски - 100% | Зоран Маџоски - 100% | | |
| РА Про-ФМ | РАДИО ПРО-ФМ 92 ЕКСКЛУЗИВ ДООЕЛ Гостивар - 100% | | | од мај 2023:<br>Пајтим Саити - 50%<br>Астрит Садику - 50% | |
| РА Балкан ФМ | Илкер Јусуф - 100% | | | | |
| РА Тајм | Павле Јовановски - 100% | | | | |
| РА Галакси | Нада Ангелова - 100% | | | | |
| РА Кавадарци | Трајанка Митрова - 100% | | | | |
| РА Александар Македонски | Илија Таневски - 100% | | | | |
| РА Акорд | Зорица Ѓореска - 100% | | | | |
| РА Медисон | Нада Јосифоска - 100% | | | | |
| РА Кочани ФМ | Илчо Лазаровски - 50%<br>Илија Стефановски - 50% | | | | |
| РА Бум | Сузана Андоновиќ - 100% | | | | |
| РА Јехона ФМ | Бесим Шабани - 100% | | | | |
| РА Пулс | Марјан Тодоров - 100% | | | | |
| РА Супер | Сашо Митаноски - 100% | | | | |
| РА Мефф | Билјана Јовеска - 100% | | | | |

<table>
<tr><td>РА Холидеј</td><td colspan="3">Ленче Андоноска - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Пела</td><td colspan="3">Гордана Цветаноска - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Еко</td><td colspan="3">Дарко Пановски - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Модеа</td><td colspan="3">Блаѓе Монев - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Свети Николе</td><td colspan="3">Пензиско и инвалидско осигурување Скопје - 12%<br>Меѓународен Славјански институт ДООЕЛ, Свети Николе - 88%</td></tr>
<tr><td>РА Плеј</td><td colspan="3">Никола Бебекоски - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Ррапи</td><td colspan="3">Фисник Бектеши - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Експрес</td><td colspan="3">Соња Појразовска - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Хит</td><td colspan="3">Стево Трајков - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Блета</td><td colspan="3">Африм Рамадани - 100%</td></tr>
<tr><td rowspan="2">РА Кисс</td><td>Габриела Ѓурчиноска 100%</td><td colspan="2" rowspan="2">Зоран Тодоровски - 100%</td></tr>
<tr><td><u>од октомври 2020:</u><br>Зоран Тодоровски 100%</td></tr>
<tr><td>РА Плус Форте</td><td colspan="3">Небојша Карапејовски - 100%</td></tr>
<tr><td rowspan="2">РА 7</td><td>Мухамер Асани - 50%<br>Ајет Демири - 50%</td><td colspan="2" rowspan="2">Енкелејда Шелбурне - 100%</td></tr>
<tr><td><u>од октомври 2020:</u><br>Енкелејда Шелбурне 100%</td></tr>
<tr><td>РА Ред ФМ</td><td colspan="2">Арба Мехмети - 100%</td><td><u>од септември 2023:</u><br>Фјона Мехмети -100%</td></tr>
<tr><td>РА Енџелс</td><td colspan="3">ЕНЏЕЛС ПЛУС ДООЕЛ Штип - 100%</td></tr>
<tr><td>РА УГД ФМ</td><td colspan="3">Универзитет „Гоце Делчев“, Штип</td></tr>
<tr><td>РА Марија Благовест</td><td colspan="3">Здружение РАДИО МАРИЈА МАКЕДОНИЈА, Струмица - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Импулс</td><td>/</td><td colspan="2">Горанчо Тасев - 100%</td></tr>
</table>

Освен кај Радио 7, чијшто сопственик е физичко лице од Р. Албанија, сопствениците на сите други локални радија се домашни правни и физички лица.

Од вкупно 40 субјекти на локалниот радиски пазар, повеќе од еден сопственик имаат пет радиостаници. Тоа се РА Валандово, РА Мерак 5 ФМ, РА Про-ФМ, РА Кочани ФМ и РА Свети Николе. Од овие, само сопствениците на РА Свети Николе немаат

еднаков удел во сопственоста на радиостаницата, додека кај останатите четири радија, сопствениците поседуваат еднакво учество во основачкиот капитал (по 50% секој).

РА Свети Николе е во сопственост на Друштвото за интелектуални услуги и едукативни дејности Меѓународен Славјански институт ДООЕЛ Свети Николе, кое поседува 88% од основачкиот капитал на радиото, и Пензиското и инвалидско осигурување на Македонија, кое е сопственик на 12%.




Сопственик на Меѓународниот Славјански институт е правното лице Меѓународниот Славјански Универзитет Гаврило Романович Державин од Свети Николе, а негов единствен сопственик е физичкото лице Јордан Ѓорчев од Свети Николе. Односно, краен сопственик на РА Свети Николе е Јордан Ѓорчев.

Втората локална радиостаница која е во сопственост на правно лице е РА Енџелс од Штип. Нејзин единственик сопственик е Друштвото за продукција, услуги и трговија ЕНЏЕЛС ПЛУС ДООЕЛ Штип, кое пак е во сопственост на физичкото лице Зоран Илиев.




Крајни сопственици на непрофитната радиостаница Марија Благовест се физичките лица Јадранка Чадиновска и Ратислав Кардалев од Скопје. Поточно, овие лица се основачи на Здружението Радио Марија Македонија, кое се јавува како директен основач на радиостаницата.



РА Укло ФМ и РА УГД ФМ се непрофитни студентски радија во рамки на универзитетите „Св. Климетн Охридски“ во Битола и „Гоце Делчев“ во Штип.

Во периодот од 2020 до 2024 година беше направена промена на сопственичката структура на РА Ла Коста (во 2022 година), РА Про-ФМ (во 2023 година), РА Кисс (во 2020 година), РА 7 (во 2020 година), РА Ред ФМ (во 2023 година) и два пати беа сменети сопствениците на РА Комета (и двете промени беа извршени во 2021 година).

## ИНТЕГРАЦИЈА НА КАПИТАЛОТ КАЈ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дозволува едно физичко или правно лице истовремено да биде сопственик на најмногу четири радиодифузери, и тоа:

- на еден радиодифузер на државно ниво, еден на регионално и два на локално ниво (на несоседски подрачја), или на

- на два радиодифузери на регионално ниво на несоседски подрачја и два на локално ниво, исто така на несоседски подрачја.

Исто така, одредбите од законот кои се однесуваат на хоризонталната интеграција дозволуваат едно физичко или правно лице да биде истовремено сопственик на еден радиодифузер на државно ниво и на најмногу 50% во уште еден радиодифузер на државно ниво, или пак истовремено да поседува три радиодифузери на локално ниво, при што трите треба да се на несоседски подрачја.

Во моментов на пазарот постојат следниве случаи на интеграција:

1. Исто лице се јавува како сопственик на ТВ Шења, која емитува програма на државно ниво, и на ТВ Ера, која има дозвола за емитување на регионално ниво. Тоа е правното лице Медиа Ворлд Невс ДООЕЛ од Скопје, а краен сопственик на телевизиите е физичкото лице Таџудин Шабани;

2. Ист сопственик имаат Наша ТВ, која емитува на државно ниво, и регионалното радио РФМ. Единствен сопственик на овие два радиодифузери е физичкото лице Ристо Гоговски; и

3. Физичкото лице Дарко Гелев истовремено се јавува како содружник на РА Метрополис, кое има дозвола за емитување радиопрограма на државно ниво, и како единствен сопственик на РА Сити, кое има дозвоола за емитување на регионално ниво.

## ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ВО 2023 ГОДИНА

За да извршат промена во сопственичката структура радиодифузерите се должни прво да ја известат Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за планираната промена, и истата не смеат да ја спроведат во Централниот регистар пред Агенцијата да ја одобри.

Во 2023 година Агенцијата донесе 11 одлуки за промена на сопственоста на радиодифузери, при што РА Џез ФМ два пати побара согласност за промена на своите сопственици. Сите 11 одлуки беа позитивни, односно Агенцијата ги одобри сите откако констатираше дека со нив не се прекршуваат одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Одлуките се однесуваа на следните промени:

- кај РА Јон – за истапување на физичкото лице Андреј Стојков од Кочани и пренос на неговиот удел на физичкото лице Гоце Стојковски од Гостивар;
- кај РА Про-ФМ – за истапување на правното лице Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ 92 ЕКСКЛУЗИВ ДООЕЛ Гостивар и пристапување на физичките лица Пајтим Саити и Астрит Садику од Гостивар;
- кај ТВ Шутел – за истапување на физичкото лице Енвер Иљаз од Скопје и пристапување на физичкото лице Антоние Стојчески, исто од Скопје;
- кај РА Урбан – за истапување на физичкото лице Митко Арнаудов од Скопје и пристапување на физичкото лице Робин Зимбаков од Скопје;
- кај ТВ Канал Вис – за истапување на физичкото лице Јанко Мицев од Струмица и пристапување на правното лице Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги СИНЕРЏИ ГРУП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица;
- кај РА Џез ФМ – за истапување на физичкото лице Љупчо Хаџи – Стефанов и пристапување на физичкото лице Ален Хаџи – Стефанов од Скопје;

- кај РА Ред ФМ – за истапување на физичкото лице Арба Мехмети од Тетово и пристапување на физичкото лице Фјона Мехмети, исто така од Тетово;
- кај РА Лајф – за истапување на физичкото лице Крешник Ајдини и пристапување на физичкото лице Афердита Фетау од Скопје;
- кај РА 99 (РА Арачина) – за истапување на физичкото лице Муарем Исмаили и пристапување на правното лице Друштво за трговија, производство, угостителство и услуги УМАЈА-БТ ДООЕЛ Скопје;
- кај ТВ Вистел – за истапување на правното лице Друштво за производство, туризам, промет и услуги ПРЕОБРАЗБА ДООЕЛ Скопје и пристапување на физичкото лице Петар Каревски од Битола; и
- кај РА Џез ФМ – за истапување на физичкото лице Ален Хаџи-Стефанов од Скопје и пристапување на физичкото лице Дарко Фиданоски од Скопје.

РА Јон ја реализираше промената во март 2023 година, РА Про-ФМ и РА Урбан ФМ во мај 2023 година, ТВ Шутел во јуни 2023 година, ТВ Канал Вис во август 2023 година, РА Ред ФМ во септември 2023 година, РА Лајф и РА Џез ФМ (првата промена) во ноември 2023 година и РА 99 во декември 2023 година. Имајќи предвид дека побараните промени на сопственоста на ТВ Вистел и на РА Џез ФМ (вториот пат) Агенцијата ги одобри кон крајот на 2023 година (во ноември и декември), истите во Централниот регистар на РС Македонија беа спроведени во 2024 година, и тоа промената на РА Џез ФМ во јануари, а на ТВ Вистел во февруари.

## СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Од вкупно 21 издавач на печатен медиум, правни лица се јавуваат како сопственици на само три од нив – на Друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, на Друштвото за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје и на Трговското друштво за новинско издавачка дејност, трговија, производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје.

Сопственик на РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Нова Македонија“, е правното лице РЕПРО ОНЕ ЛИМИТЕД од Британските Девствени острови, кое поседува 100% од основачкиот капитал на овој издавач на печатен медиум.

Кај Слободен печат ДОО Скопје, издавач на „Слободен печат“, 50% од сопственоста ја поседува Друштвото за печатење, дистрибуција и услуги ПЕЧАТ МК ДОО Скопје, а 50% му припаѓаат на странско физичко лице – Владимир Гаљак од Белград. Мнозински содружник во ПЕЧАТ МК ДОО Скопје е Драган Живковиќ, чиј удел друштвото изнесува 90%.



Сопственици на КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал“, се две правни и две физички лица. Најголем удел (51%) во сопственоста на овој издавач на печатен медиум има правното лице Репро Оне Лимитед од Британските Девствени острови, а позначајно учество (41,39%) има и Друштвото за производство, трговија и услуги КАМБУРИС И БАРБА ДОО увоз-извоз Скопје. Сопственици на останатиот удел се физичките лица Љупчо Зиков и Гордана Стојановска-Ицевска.




Што се однесува до потеклото на капиталот, странски капитал има само кај три издавачи, и тоа 100% од капиталот на РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, 50% од капиталот на СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје и 51% од капиталот на КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје.

Во табелата подолу се претставени податоците за сопствениците на сите издавачи на печатени медиуми кои се евидентирани во регистарот на печатени медиуми кој го води Агенцијата.

**Табела 7: Сопственичка структура на издавачите на печатени медиуми**

| | издавач на печатен медиуми | медиум | сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|---|---|
| 1 | Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | „Нова Македонија“ | РЕПРО ОНЕ ЛИМИТЕД, Британски Девствени Острови – 100% |
| 2 | Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје | „Слободен печат“ | Владимир Гаљак, Белград – 50%<br>Друштво за печатење, дистрибуција и услуги ПЕЧАТ МК ДОО Скопје – 50% |
| 3 | Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје | „Вечер“ | Сашо Богдановски – 100% |
| 4 | Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје | „Коха“ | Лирим Дулови – 60%<br>Арбен Раткоцери – 40% |
| 5 | Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје | „Капитал“ | Љупчо Зиков – 6,09%<br>Друштво за производство, трговија и услуги КАМБУРИС И БАРБА ДОО увоз-извоз Скопје – 41,39%<br>Репро Оне Лимитед АД Тортола, Британски Девствени Острови - 51%<br>Гордана Стојановска-Ицевска – 1,52% |
| 6 | Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДООЕЛ Скопје | „Фокус“ | Биљана Трошановска – 100% |
| 7 | Друштво за новинарство и издаваштво МЕДИЈА ПРЕС ВМ ДООЕЛ увоз-извоз Битола | „Битолски весник“ | Васка Младеновска – 100% |
| 8 | Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | „Бахче“ | Муртеза Сулооџа – 100% |
| 9 | Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје | „Лајм“ | Фејзи Ајдари – 100% |
| 10 | Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје | „Економија и бизнис“ | Весна Јовановска – 68,5%<br>Зоран Јовановски - 31,5% |
| 11 | Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје | „Портрет“ | Ружица Антиќ – 100% |
| 12 | Друштво за производство, трговија и услуги МЕДИУМ БОЈА 43 ДООЕЛ увоз-извоз Штип | „Штипски глас“ | Иванчо Бојаџиски – 100% |
| 13 | Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје | „Убавина и здравје“<br>„The Economist“ | Александар Наков – 51%<br>Јована Стојменовиќ – 49% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14 | Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје | „Порта 3“ | Александар Белев – 5%<br>Љупчо Атанасовски – 5%<br>Виктор Каранфилов – 10%<br>Филип Филипоски – 5%<br>Гоце Адамчески – 5%<br>Предраг Мојсовски – 5%<br>Стефан Каратуков – 5%<br>Елена Филипоска – 5%<br>Горјан Јовановски – 5%<br>Богданчо Гогов – 4%<br>Емилија Петровска – 9%<br>Александра Петровска – 9%<br>Коста Костов – 10%<br>Сандра Дончева – 9%<br>Вања Дончева – 9% |
| 15 | Културно Здружение ВИЗИОНИ М Скопје | „Шења“ | Ердуан Даути – претседател |
| 16 | Друштво за медиуми издаваштво и маркетинг ЕХО МЕДИА ГРУПА ДООЕЛ Скопје | „Скопско ехо“<br>„Македонско ехо“ | Костадин Андоноски – 100% |
| 17 | Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп | „Зенит“ | Светлана Ристеска – 50%<br>Љупчо Мургоски – 50% |
| 18 | Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје | „Лице в лице“ | Климентина Илијевски – овластено лице |
| 19 | Друштво за реклама и пропаганда КЛИКЕР МАРКЕТИНГ ДООЕЛ Скопје | „InStore“ | Верица Мартиновска – 100% |
| 20 | Друштво за развој на научно-техничка култура ЕМИТЕР ДОО Скопје | „Емитер“ | Слободан Таневски – 75%<br>Сашко Таневски – 25% |
| 21 | Друштво за издавачка дејност, маркетинг и компјутерски услуги НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ Скопје | „Народен лекар“ | Арсен Колевски – 100% |